**Нов повик од ОКТА: Стипендии за постдипломски студии дома и во странство**

**Скопје, 30.03.2026 - Компанијата осма година по ред објавува повик за доделување стипендии за постдипломски студии за академската 2026/2027 година. Во овој нов повик, зголемен е бројот на академските области за аплицирање, а дополнет е и со можноста за делумно покривање на трошоците за живот во согласност со однапред утврдени критериуми. ОКТА АД – Скопје продолжува со својата долгорочна посветеност за поддршка на образованието и развојот на млади професионалци.**

Во рамки на Програмата за стипендии на ОКТА АД – Скопје, членка на Групацијата HELLENiQ ENERGY, и оваа година ќе бидат доделени две стипендии за редовни постдипломски студии, со максимално времетраење од две години. Едната стипендија е наменета за студии во странство, со можност за аплицирање на универзитети низ Европа, Северна Америка и Австралија, додека втората стипендија се однесува на студии во Република Северна Македонија.

„Во ОКТА, веруваме дека образованието е една од најзначајните инвестиции во иднината која не се однесува само на поединците, туку и на општеството и економијата во целина. Преку нашата програма за стипендии за постдипломски студии, ја поддржуваме следната генерација професионалци, кои преку своето знаење, креативност и посветеност ќе донесат иновации и високи достигнувања во своите области. Оваа иницијатива е доказ за нашата долгорочна заложба за развој на човечкиот потенцијал и за поттикнување на академската извонредност, како и на одржливиот развој на нашата индустрија и општеството“, изјави **Димитриос Пасхос**, главен извршен директор на ОКТА АД - Скопје.

Оваа година, можноста за аплицирање е проширена на кандидати од различен спектар на академски области. Првата е инженерство и енергетика, каде влегуваат трансформација на енергијата, обновливи извори, алтернативни технологии, напредни енергетски материјали за производство и складирање енергија, како и нафтено инженерство. Втората област е дигитална трансформација, која опфаќа програмирање, мрежи и комуникации, анализа на податоци за вештачка интелигенција, сајбер безбедност и интелигентна автоматизација. Секторот за животна средина е третата област, каде се изучуваат климатски промени, екосистеми, одржлив развој, паметни градови и локален развој. И четвртата област е економија и менаџмент, кој содржи енергетска економија, биоекономија и циркуларна економија, енергетски мрежи и енергетска геополитика, управување со енергетски проекти, маркетинг, комуникации и односи со јавноста, правни студии и управување со човечки ресурси. Кандидатите можат да аплицираат само за еден од овие сектори. Дополнително, програмата за стипендирање за оваа година, отвора можност и за покривање на дел од трошоците за живот во согласност со однапред определени критериуми.

Апликациите се поднесуваат исклучиво онлајн, преку платформата: https://scholarships.helleniqenergy.gr/rnm , каде може да се најдат сите информации и критериуми поврзани со Програмата за стипендии за втор циклус на студии. Крајниот рок за поднесување на апликациите е **18 мај 2026 година.**

Програмата за стипендии е дел од стратегијата на ОКТА за корпоративна одговорност, во рамки на која поддршката на образованието е еден од клучните приоритети, и се спроведува во согласност со стратегијата на Групацијата за зајакнување на младите и поддршка за постдипломски студии на стипендисти од земјите каде што работи. Во периодот од 2017 до 2025 година компанијата има доделено

вкупно 44 стипендии за постдипломски студии, од кои 43 национални и една меѓународна, со што директно придонесува кон развојот на високообразован кадар во земјава и пошироко.

ОКТА АД - Скопје е најголемиот снабдувач на гориво во земјата, обезбедувајќи го пазарот со висококвалитетни производи кои ги задоволуваат последните локални и европски стандарди.
Основана во 1978 година, компанијата е предводник во областа на трговија, снабдување и дистрибуција на нафтени деривати во регионот. Како членка на HELLENiQ ENERGY – една од водечките енергетски групации во Југоисточна Европа, ОКТА постојано воведува меѓународни вештини, иновативни решенија и врвни технолошки трендови во секојдневното работење.
Преку своите активности во големопродажбата, ОКТА опслужува големо портфолио на клиенти во земјата и во регионот, од мали претпријатија до големи индустриски капацитети и владини институции. Благодарение на долгогодишното искуство и лидерство на пазарот, компанијата има развиено врвен логистички систем кој овозможува брзо и сигурно снабдување на клиентите со гориво.
Малопродажната мрежа на ОКТА се состои од модерни бензински станици распространети низ целата земја, кои нудат висококвалитетни производи и услуги за крајните корисници.
Во 2018 година, како компанија насочена кон иновации, ОКТА го прошири своето портфолио со производство, снабдување и управување со електрична енергија од обновливи извори.
Поставувајќи ја безбедноста како врвен приоритет, компанијата е посветена да ја врши својата дејност однесувајќи се етички и одговорно кон општеството и животната средина.